

## ВО ОВОШТАРСКИОТ КРАЈ ОД КОЗЈАК ПРЕКУ БЕЛА ЦРКВА И РАЈЦА ДО АСАМАТИ

**Кога туристот патува од Битола кон Охрид и се искачи на превојот Ѓавато, пред него се отвора панорама на дел од котлината на Преспа и Преспанското Езеро. Од таму се гледа голем дел на Горна Преспа, особено Отешево, Царев Двот, Ресен, Јанковец и други места. Во непосредна близина на месноста Макази се наоѓаат Козјак и Бела Црква, од каде патот води кон Рајца и Асамати, познатиот овоштарски крај во Македонија**

Селото Козјак е најблиску до раскрсницата на патот што се дели од Макази за Маркова Нога и од Макаси за Отешево. Тоа е стара турска населба, во кое живеат стотина македонски Турци кои се занимаваат со поледелство и сточарство. Името го добило по тоа што во селото се чувале кози. Меѓутоа, се верува дека на тоа место во минатото постоела турска касаба (градче) по име Козана, од која и селото се нарекува Козјак.

Во атарот на Козјак има повеќе археолошки локалитети, за што има бројни докази. Се претпоставува дека на тој дел на Преспа поминувал патот Виа Игнација и дека просторот околу селото Козјак бил значајна станица.

Во селото Козјак има една џамија која била изградена во 1902 година, а која е поправана пред повеќе години. Денес таа е верски објек за козјачани и за намерници кои доаѓаат на тие простори во Преспа.

Во историјата е забележано дека одреден број од селаните учествувале и во НОБ кога и својот живот за слобода на Македонија го даде Наим Ракиповски.

Западно од Козјак, на патот од Макази према Отешево, на неколку километри се наоѓа селото Горна Бела Црква. Таа е сместена во плодното преспанско поле, на западната страна од Долна Бела Црква, а на исток од Царев Двор. Во ова село има околу четириесет домаќинства со близу двеста жители, од кои над сто македонски Албанци и осумдесетина македонски Турци.Во селото има училиште на албански јазик.


Козјак
Kozjak



[illegible]





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**